РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1243/1
17-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2025 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-та седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со бр.08-1592/1 од 27.05.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр.08-1592/1 од 27.05.2025 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

Предметот со бр.08-1592/1 од 27.05.2025 година е оформен врз основа на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2025 година за проверка на податоците од анкетниот лист на службеното лице ________________, член на ____________________.

Со цел за утврдување на фактичката состојба ДКСК прибави податоци за имотот на службеното лице ________________ од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и од финансиските институции.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата изврши анализа на прибавените податоци и истите ги спореди со податоците содржани во анкетниот лист на службеното лице. По извршената анализа на прибавените податоци и податоците наведени во анкетниот лист на службеното лице, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека податоците за имотот и приходите на службеното лице се совпаѓаат со податоците добиени од извршената проверка.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

**Изготвил:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** С.С.М, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk